# ПОВЕДЕНИ ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ ПРОТИВ ДВА ЛАНЦИ НА СУПЕРМАРКЕТИ

Комисијата за заштита на конкуренцијата во рамките на своите овластувања и надлежности, во изминатиот период изврши повеќе дејствија во правните субјекти кои се опфатени со Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи.

Врз основ на прибавените податоци, против две друштва кои се активни во трговијата на земјоделски и прехранбени производи преку своја малопродажна мрежа на територијата на Македонија, поведена е прекршочна постапка поради непочитување на одредбите од Законот.

Доколку по завршување на прекршочната постапка се потврди постоењето на прекршок, против правните лица и одговорните лица во истите ќе бидат изречени соодветни казни заради сторените прекршоци.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА